Д Р Ж А В Е Н  П Р О С В Е Т Е Н  И Н С П Е К Т О Р А Т
С К О П Ј Е

# И З В Е Ш Т А Ј
## ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА
## во ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ –Аеродром

Скопје, април-2019 година

РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-319/2
30.07..2019год.
Скопје

## ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ – Скопје

**Извештај од извршена интегрална евалуација**

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 23-25 април 2019 година |
| **Број на извештај:** | 25/1/2019 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Зоран Димитријевиќ |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачни училишта:** | / |
| Основач на училиштето: | Општина Аеродром |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 988 |
| **Полова структура на ученици:** | машки-490, женски-498 |
| **Број на наставници:** | 70 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Марија Минова |
| **Директор на училиштето:** | Марјан Јовановски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 16-19 мај 2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | Јане Сандански бр 27а |
| **Телефон:** | 02-2455-510 |
| **Факс:** | / |
| e-mail: | gpulevski@yahoo.com |
| **Оценка од интегрална евалуација** | 2,87 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 ,41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекцијаод 23до 25.04.2019година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Ѓорѓија Пулевски" од Аеродром-Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директорот на училиштето, стучните соработници, Училишниот одбор и Советот на родители, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација, која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорот со различните фокус групи, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализаод доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родителите,како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршенато самооценување, а во однос на седумте подрачја, тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **добар (2.87).**

Воспитно - образовната работа во ООУ„Ѓорѓија Пулевски"- општина Аеродром - Скопје, се остварува врз основа на наставниот план и програми за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми кои се применуваат во воспитно образовната работа на училиштето, се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по одделенија и на ниво на одделенска настава и предметна настава. Не располага со следење на постигањата според полот.Во училиштето редовно се изготвуваат споредбени анализи за постигањата на учениците. Вршени се анализи од страна на стручната служба на постигањата на крајот од годината споредени со постигањата од три претходни учебни години. Нема значајни отстапувања на успехот. Средниот успех на учениците во учебната 2016/17 година изнесувал 4,84 , во 2017/18 исто така бил 4,88 и на полугодието од учебната 2018/19 бил 4,53 . Во последните три учебни години девет ученици имаат намалено поведение и тоа 8 ученици поради несоодветно однесување, а еден ученик поради неоправдани изостаноци. Стручната служба има изработено насоки за идентификација на учениците со посебни потреби и потешкотии во учењето, како и на надарените ученици. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето ја вршат наставниците, а дидактички упатства и насоки за работа со нив добиваат од стручната служба. Најголем број наставници обезбедуваат поддршка на учениците со потешкотии во учењето. Инклузивниот тимго следи остварувањето на целите предвидени со индивидуалниот образовен план и по потреба се врши негово изменување и дополнување.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава како и вонаставните активности. Сите наставници наставните содржини ги реализираат според: глобални, тематски, тематско-процесни и дневно оперативни планирања за реализација на наставен час. За реализирање на воспитно-образованта работа според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвени според дидактичките препораки и упатства од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата според Кембриџ програмата. Поголемиот дел од планирањата ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот со јасни насоки што се очекува учениците да научат, начинот на оценување, очекуваните исходи и активности на наставниците и учениците.

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците

користат добро испланирани и соодветни активни методи за да работат со учениците. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, како и компетенцијата за претприемништво и вештините за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зградаи во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности но советот на родители реагира на бавноста при промена на скршени стакла, расипани казанчиња и чешми.При несреќни случаи, во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците. Училиштето има План и проценка за заштита и спасување, направен врз основа на одобрение од Дирекција на заштита и спасување. Симулациска вежба е реализирана минатата учебна година со сите субјекти во училиштето.

ООУ „Ѓорѓија Пулевски", Општина Аеродром – Скопје, препознатливо е според квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот (многу мал број од ученици има од друга националност освен македонци) и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива добар респект кај родителите

Просторот во кој е сместено училиштето е објект од тврда градба изграден во 1983 година. Учиишната зграда се состои од приземје и кат, подрумски простории и спортска сала со вкупна површина од 4973м2. Училишниот двор е со површина од 9354м2 каде има 2 спортски терени (игралишта) со површина од 1250 m2, сообраќаен полигон и озеленета дворна површина со училишен парк. Располага со 26 училници, 16 помошни простории за наставни средства и помагала, 1 библиотека,9 санитарни јазли, 1 тоалет за деца со посевбни потреби, 1фискултурна сала, 1 наставничка канцеларија, 3 канцеларии и 1 кујна со трпезарија. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава но потешкотија е реализација на физичко образование каде салата се користи истовремено со 2 па и 3 паралелки. Постојат пријатни, просторни услови за одвивање работата на наставниот кадар. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вonнаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Се работи во 2 смени. Училишната зграда се загрева со парно греење.

Училишниот одбор делумно е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето. Претставниците од МОН и општината повеке од три пати не присуствувале на состаноците за што училиштето има доставено до МОН и општината Барање за коптирање на нови членови за Училишен одбор. На еден претставник од родителите мандатот како член на Училишен одбор му е поминат. Работата на училишен одборе јасно дефинирана воДеловник за работа. Училишниот одбор на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа. Одборот има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишен одбор учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики

во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието. Со училиштето раководи в.д директор Марјан Јовановски, именувана со Решение бр.25-674/7 од 07.02.2019 година од Градоначалникот на општина Аеродром. Директорот ги исполнува условите по степен и видот на образование и има положен испит за директор.

Директорот редовно изготвува програма за својата работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Користи различни сопствени искуства и искуства и идеи на вработените, го следивоспитно-образовниот процес во училиштето и постигнувањата на учениците.Работи тимски и носи одлуки согласно закон во интерес на наставата и сите учесници вклучени во воспитно-образовната работа. Раководниот орган на училиштето го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

Приоритет на директорот за училиштето се :

- професионално и кариерно усоврашување на наставниот кадар;
- опремување на училиштето со нагледни средства и опрема за следење на настава со најсовремени технолошки достигнувања;
- зголемување на капацитетите ( ресурси ) на училиштето за реализација со примена на ИКТ.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето бр01-544/1 од 29.12.2014година, одобрен од страна на Министерството за образованиеи наука со Решение бр.19-13244/3 од 06.10.2014г.

Училиштето од 09.06.2018 година со арх. бр.03-401/1 има изготвено Самоевалуација за период 2016–2018 година и од 26.08.2015година со арх.бр.03-401/1-1 има изготвено Програма за развој за период 2015–2019 година.

За учебната 2018-2019 година училиштето има изготвеноГодишна програма за работа бр.03-381/5 од 20.09.2018година усвоена од Училишниот одбор.

Училиштето има основано Училишен спортски клуб, датум на основање 05.09.2012 година под назив УСК „Ѓорѓија Пулевски"- Аеродром Скопје за дејност Спорт, регистиран во централниот регистар на Р.М. под дел број 30120120029955. Спортскиот клуб е активен.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето ООУ„Ѓорѓија Пулевски" е основно училиште во општина Аеродром Скопје.Училиштето е изградено 1983 година. Својата дејност ја обавува во еден објект од тврда градба со подрумски простории, приземје и еден ката со површина на објектот од 4 973м$^2$. Зградата во која се изведува наставата е во добра состојба. Училиштето располага со училишен двор со површина од 9 354м$^2$ и со спортски терени и игралишта со површина од 1 250м$^2$..

Училиштето е основано со акт Решение на Самоуправната интересна заедница за воспитување и образование на општина Кисела Вода со бр 08-48 од 15.06.1983 година, а верифицирано со Решение бр.15-2420/2 од 13.12.1985 година издадено од Општинскиот комитетза образование, култура и физичка култура на Собранието на општината Кисела Вода.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Наставата во училиштето се изведува во две смени.

Во училиштето, вкупниот број на вработени наставници изнесува 69. Од нив 31 наставник се одделенски наставници и 38 предметни наставници. Сите наставници се со соодветно образование. Од наставниот кадар, 55 наставници се на неопределено време, а 14 наставници се на определено време, од кои 3 се приправници. По пол има 7 мажи и 63 жени. Според видот на образование, 61 се со високо образование, 6 со магистерски студии и 2 наставника со вишо обрзование. По етничка припадност сите наставниците се Македонци. При изборот на наставници, не е констатирана родова и друга дискриминација.

Училиштето има простории за директор, секретар, наставници,педагог-психолог,дефектолог,библиотека, просторија за помошно-технички персонал, кујна со трепезарија, домаќин, родителска просторија и магацин. Училниците се опремени со потребниот училишен инвентар. Училишниот двор е ограден. Училиштето се загрева со централно парно греење.

# 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес за наставните предмети во училиштето се реализира согласно Наставните планови и програми за деветгодишно основно образование донесени од БРО-МОН. Реализацијата на НПП е во пропишан обем. Според Наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I-III одделение се организира настава со продолжен престој (10 паралелки), класична настава (11 паралелки). Наставата во училиштето се изведува во две смени.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето се спроведува на состаноците со родителите, преку брошура и веб страната на училиштето.

Во учебната 2018/2019 година има 17 ученици со посебни образовни потреби (категоризирани) и 36 ученици со потешкотии со кои се работи индивидуално, а се без категоризација. Училиштето има програма за работа со деца со посебни образовни потреби изготвена од инклузивен тим ( дефектолог,психолог, педагог со тим од наставници и родител на дете со посебни образовни потреби) и секој наставник има изготвено индивидуален образовен план со вклученост на родителите на учениците со посебни потреби. За 16 ученика изготвени се ИОП по сите предмети според категоризацијата и со согласноста од родителот, а за една ученичка со телесен хендикеп нема потреба од ИОП.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самостојно да вршат избор на наставните изборни предмети според нивните интересите и потреби. На крајот од учебната година на родителите на родителската средба им се дава можност учениците да одберат предмет од понудени три изборни предмети, се врши анкетирање и училиштето го почитува изборот од страна на децата и родителите. Училиштето потоа го известува МОН и БРО за бројот на ученици по секој изборен предмет.

Слободните ученички активности во училиштето се планираат и се застапени во доволна мера за задоволување на потребите и интересите на учениците во предметна настава, но во одделенска настава слободните активности (секциите) се строго ограничени на паралелките поодделно, пр. цело одделение активности по ликовно и сл. Активностите се планирани на годишно ниво и за секој реализиран час се со дневно оперативно планирање. Реализацијата редовно се еведентира во дневниците на паралелки и во извештаите изготвени од наставниците кои се внесени во полугодишниот и годишниот извештај.

Во Годишната програма за работа на училиштето, интегрирани се еколошки содржини според целите на четирите Еко-стандарди од Еко-проектот. Училиштето има План на активности со поставените цели за реализација на Еко-проектот. Изготвен е Еко-правилник во кој се опфатени предвидените активности, формиран е еко-одбор, еко патроли и постапно, според предвидената динамика, се реализираат активностите на пропишаните еко-стандарди. Во наставните програми на секој наставник, предвидено е на кој час, која точка на акција ќе ја примени.

Училиштето почитувајќи ги законските обврски и можностите и потребите на родителите има изготвено проширена програма за прифаќање и заштита на децата од прво до трето одделение, за половина час пред и по наставата. На првиот состанок со родителите ги известуваат за проширената програма и ги информираат дека дежурен наставник доаѓа еден

час пред започнување, а си оди еден час по завршување на наставните часови. Учениците се прифаќаат во дежурна училница определена со распоред со кој се запознаени родителите на огласната табла наменета за информирање на родители и информативно катче пред секоја училница.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем.Во планирањата на наставниците (годишни, тематски и оперативни планирања за наставен час) има разработени активности кои ја третираат мултикултуралната сензитивност. Но училиштето нема партнер училиште за реализирање на заеднички активности во рамките на Програмата за меѓуетничка интеграција.

Постои мал број примери на интегрирање на наставни содржини од наставните програми и помагала според потребите на локалната средина .

Мал број од наставниците имаат интегрирано меѓупредметни цели во своите планирања, а интегрирање на целите од Еко проектот опфатено е од сите наставници. Училиштето има програма за интегрирање на наставните еко содржини во корелација со предметите во одделенска настава (од прво до петто одделение), а кај поголем број предметни наставници е застапено во оперативните планирања за наставен час.

Училиштето прибира информации од наставниците и родителите и се води дискусија за квалитетот на наставните планови и програми, но органите и стручните тела во училиштето немаат покренато иницијатива со писмен допис до БРО-МОН за нивна измена и дополнување.

## 1.3. Воннаставни активности

Воннаставните активности се планирани во содржините на Годишнината програма за работа на училиштето, во годишните планирања на наставниците и редовно се изготвуваат дневно оперативни планирања за реализација на конкретната активност. Слободните активности се реализираат согласно планирањата во пропишан обем.

Воннаставните активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивните лични интереси, да се истакнат во одделни области, без оглед на успехот кој го постигнуваат во учењето. Училиштето планира и реализира ученички екскурзии, приредби, посети на музеи и културни институции, натпревари, настава во природа, согласно законските одредби. За таа цел во училиштето активно работат 16 секции по сите наставни предмети и имаат освоено многу награди на сите натпревари и конкурси каде што учествувале во учебните 2016/17година, 2017/18година и во првото полугодие од 2018/19 година и тоа: на општинско ниво имаат освоено 20 први места, 31 втори места и 23 трети места; на регионално ниво имаат освоено : 15 први места, 22 втори места и 28 трети места ; на државни натпревари имаат освоено : 4 први места, 2 второ место и 3 трети места; на меѓународни натпревари и конкурси имаат освоено : 3 први места и 1 второ место ( тука не се сметаат натпреварите по математика организирани од „ Кенгур ").

Голем број на учениците се опфатени и учествуваат во реализација на воннаставните активности. Учениците со посебни образовни потреби се вклучуваат исклучиво со согласност на родителот. За учениците со низок социо-економски статус училиштето обезбедува подршка и редовно ги вклучува во воннаставните активности. Училиштето има традиција на планирање и реализирање на приредби кои имаат хуманитарен карактер (новогодишни, велигденски) во

кои се вклучени ученици, наставници, родители, населението од локалната средина и локалната самоуправа.

Учениците се запознаени со целите и задачите на слободните ученички активности и за нив се определуваат по сопствен избор, но со мало учеството во планирањата за работата во воннаставните активности.

Училиштето има основано Училишен спортски клуб, датум на основање 05.09.2012 година под назив УСК „Ѓорѓија Пулевски“-Аеродром Скопје за дејност Спорт, регистиран во централниот регистар на Р.М. под дел број 30120120029955. Спортскиот клуб е активен.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по одделенија и на ниво на одделенска настава и предметна настава. Не располага со следење на постигањата според полот.

Во училиштето редовно се изготвуваат споредбени анализи за постигањата на учениците. Вршени се анализи од страна на стручната служба на постигањата на крајот од годината споредени со постигањата од три претходни учебни години. Нема значајни отстапувања на успехот. Средниот успех на учениците во учебната 2016/17 година изнесувал 4,84 , во 2017/18 исто така бил 4,88 и на полугодието од учебната 2018/19 бил 4,53 . Во последните три учебни години девет ученици имаат намалено поведение и тоа 8 ученици поради несоодветно однесување, а еден ученик поради неоправдани изостаноци.

Во училиштето се врши избор на ученик на генерацијата. За изборот на ученик на генерацијата се применуваат критериуми усвоени од Наставничкиот совет. Најчесто, како награди на учениците се доделуваат книги. Во текот на годината редовно се врши пофалување на учениците по било кој повод.

Ученици со пречки во развојот во училиштето има 53 кои се идентификувани од стручните соработници. Од нив 17 ученици се со наод и мислење од специјализирани установи, а 36 ученици се со потешкотии во учењето. За сите овие ученици училиштето има индивидуализиран пристап, наставниците изготвуваат посебни планирања и посебни активности.

Статистички, успехот на учениците по пол не е многу значаен, но женските постигнуваат подобар успех од машките ученици.

За учениците кои имаат послаби резултати во учењето, наставниците редовно одржуваат дополнителна настава. За учениците кои постигнуваат подобри резултати училиштето организира додатна настава, посебно за оние кои се истакнуваат се организираат и се подготвуваат за натпревари.

Идентификувањето на надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби го вршат наставниците во соработка со стручните соработници и го следат нивниот напредок. Се следат постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и се преземаат активности за надминување на разликите што се јавуваат во таквите ситуации, а во соработка со наставниците, класниот раководител и родителот. Подобрувањето на постигањата на учениците се промовира и е дел од училишната политика. Наголем број наставници на учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици им обезбедуваат поддршка во редовната настава. Редовно се одржува испланираната дополнителна и додатна настава како важен фактор за подобрување на постигањата на учениците.

Стручниот соработник-психологот редовно врши тестирање на специфичните способности на учениците за нивниот понатамошен професионален развој. Ова беше истакнато и од самите ученици и на состанокот на ученичката заедница.

Училиштето постигањата ги следи по циклусна учење и по ниво. Податоците за успехот на учениците при премин во средно образование се нецелосни.

Училиштето има малку активности од проектот за Меѓуетничка интеграција иако тим од наставници и стручните соработници ги посетувале обуките. Но во училиштето се применуваат

содржини за развивање на мултикултурализмот по сите нивоа и сегменти на живеењето и низ повеќето наставни предмети.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, има изградено политика за опфат на сите ученици и превзема активности да ги опфати сите ученици од својот реон.

Училиштето прибира податоци за отсуствата на учениците (бројот на неоправдани и оправдани изостаноци). Собраните податоци се сумативни. Се следи бројот на изостаноци по пол и по возраст. Бројот на неоправдани изостаноци по ученик во учебната 2016/17 бил 0,42 во учебната 2017/18 бил 0,42 и на полугодие од 2018/19 бил 0,33. Оправдани изостанувања по ученик во учебната 2016/17 бил 27,12, 2017/18 бил 21,64 и сега на полугодие бил 5 изостаноци по ученик. Евидентна е тенденцијата на намалување на изостаноците во последните три учебни години. Најчестите изостанувања во последните три години се од доцнење на првиот час. Редовно се вршат анализи на причините за оправданото и неоправданото изостанување на учениците со превземање на конкретни мерки и активности што обезбедуваат подобрување на изостанувањето од наставата.

Во училиштето е застапено советувањето на родителите согласно Законот за основно образование. За оваа цел стручните соработници имаат изготвено посебна програма која се реализира во текот на учебната година. Нема осипување на ученици во училиштето.

Училиштето ја почитува законската регулатива при премин на учениците од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема во предвид при понатамошното образование на ученикот.

## 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години нема ученици кои ја повториле годината. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Целокупната активност за реализација на воспитно-образовниот процес се одвива со динамика дадена во Годишната програма на училиштето. Годишната програма е усогласена со НПП и истата е доставена и одобрена од општината. Училиштето има увид во планирањата преку пропишан приод и процедура за поддршка и следење на планирањата. Сите наставници наставните содржини ги реализира според: глобални, тематски, тематско-процесни и дневно оперативни планирања. Одделенските наставници изготвуваат и седмични планирања. Планирањата ги содржат сите компоненти со јасни насоки што се очекува учениците да научат, начинот на оценување, очекуваните исходи и активности. Дневно оперативните планирања покрај формите и методите содржат и цели на часот, мал број корелација со предмети, методи за утврдување на предзнаења, методи за формативно оценување и импликации за во иднина во зависност од потешкотиите на часот како и домашните задачи. Планирањата ги содржат Еко содржините, содржини од мултикултурализмот, примена на ИКТ со употреба на е-содржини. Наставниците изготвуваат дневно оперативни планирања за час на одделенска заедница, часовите за додатна и дополнителна настава и за часовите за слободни ученички активности.

На ниво на училиште планирањата се изработуваат по стручни активи, во соработка со стручната служба, но нема никаква индивидуалност ниту диференциран пристап кон изработка на истите. Односно секоја генерација пр, сите наставници од прво одделение, сите наставници од второ одделение, прават една заедничка Годишна програма која не ги задоволува диференцираните карактеристики на структурата на учениците од секоја паралелка поодделно. Изготвувањето на планирањата на наставниците, процедурално и со инструмент за следење на планирањата се проверуваат и доработуваат по потреба. Измени и подобрување на планирањата се врши во текот на цела наставна година. Се врши поддршка и следење на планирањата од стручна служба и директорот. Има планирања за дополнителната и додатната настава секој наставник посебно како и планирања за воннаставните активности и одделенскиот час. Планирање за ученици со посебни образовни потреби се изготвуваат во соработка со дефектологот и инклузивниот тим од училиштето, а реализацијата е во обемот на прилагодените програми по секој предмет посебно. Во планирањата опфатени се сите воспитно образовни компоненти и се запазува временската рамка за реализација.

За трите наставници приправници од страна на директорот има одредено наставник-ментор и истите работат по изготвените менторски програми. Во училиштето има интерна процедура за следење-посета на час со употреба на инструмент за следење, секој наставник се посетува 2 пати во наставната година, тимски од страна на педагогот, психологот, дефектологот и директорот.

Распоредот на часови за предметна настава се изготвува од страна на наставникот по математика, според деновите кога наставниците се распоредени во училиштето, фондот на часови на наставниците, просторниот капацитет во училиштето, почитувајќи го притоа најдобриот интерес на учениците. Одделенските наставници изготвуваат распоред самостојно, во соработка со предметни наставници кои предаваат и во соработка со стручната служба и директорот.

## 3.2 Наставниот процес

За време на посетите на часовите се забележува отворена, позитивна и пријатна атмосфера и соработка меѓу наставниците и учениците. Наставниците ги мотивираат учениците за работа и покажуваат почитување кон сите ученици.

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за да работат со учениците. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, како и компетенцијата за претприемништво и вештините за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација.

Во училниците од предметна настава нема мрежно поврзани компјутери. Има една училница опремена со ИКТ со 18 компјутери и 36 монитори во која сите наставници реализираат настава кога имаат часови со употреба на ИКТ и е-содржини, а на располагање им се и 4 ЛЦД проектори и една смарт табла . Сите наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат за реализација на наставните програми.

Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Поголем број на наставници во зависност од типот на часот, дали е час за усвојување на нови знаења или час за повторување и утврдување, применува различни методи и форми за работа. Поголем број на наставници користат различни ресурси при реализација на наставната единица. Наставниците исто така користат и разновидни форми на интеракција со учениците како што се поставување прашања, водење дискусии, а исто така се отвараат и дебати во зависност од возраста на учениците, а со тоа учениците ги поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Во паралелките каде има ученици со посебни образовни потреби и со потешкотии во учењето наставниците планираат активности на пониско тежинско ниво, а исто така имаат и планирани содржини за учениците кои побрзо напредуваат.

Од посетата на часовите е утврдено дека наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците.

За време на посетата на часови се забележува отворена, позитивна и пријатна соработка и атмосфера. Наставниците преку пофалби ги мотивираат учениците за учење и покажуваат почит кон сите ученици. Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.

Се користат различни методи за да се постигне интеракција со учениците кои се во насока на промовирање на учењето и градење на доверба меѓу нив. Современите техники што ги употребуваат наставниците при реализација на наставните содржини овозможува добра интерактивност меѓу релациите наставник- ученик, а особено во релацијата ученик- ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и спречуват таквите стереотипи да ги користат учениците.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник барем еднаш во текот на едно полоугодие е посетен од страна на директорот и стручните соработници, а по посетата на часовите, индивидуално се разговара со секој посетен наставник. Во училиштето приправниците се следат според

програмата за менторирање од страна на менторот, како и од страна на директорот и стручните соработници.

Во наставата доминира интеракцијата наставник-ученик, а помалку е застапена интеракцијата меѓу учениците, посебно во повисоките одделенија.

Во училиштето има еден кабинет опремен со функционална ИКТ опрема, недоволен број на мали лаптопи за учениците во одделенска настава, од причина што имало неколку кражби и оштетување на ИКТ опремата. Наставниците од одделенска настава редовно ги користат малите лаптоп компјутери за изготвување на планирања од секаков вид и за работа на час. Училиштето има 4 ЛЦД проектори за презентации, музички изведби, видео и сл и една смарт табла. Во Годишните и тематските планирања сите наставници имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ, но истите делумно се реализираат од причина што недостасува доволно ИКТ опрема и компјутери. За време на надзорот, интренет мрежата беше нестабилна и имаше потешкотии при реализација на наставните часови каде беше планирано користење на компјутери. Наставниците успешно ги заменуваа со употреба на други ресурси (наставни ливчиња, изготвени реквизити и др.). За подобрување на стабилноста на мрежата од страна на училиштето секојдневно се превземаат мерки преку информирање и барања за подобрување на истата до операторот и одговорните институции.

Во училиштето извршено е мерење на отпорите на заштитното приземјување и заштита од напон на допир на електричната инсталација наменета за напојување со електрична енергија на комјутерите.

Во училиштето има 1 кабинет опремен со функционална ИКТ опрема со 18 компјутери. Сите наставниците се обучени за употреба на ИКТ и новите образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат за реализација на наставните програми. Преку разновидната програма што го нуди ИКТ, учениците имаат можност да стекнат нови знаења и вештини за работа со компјутери. Од непосредниот увид во начинот на реализирањето на наставата, посетата на часови, разговорите со учениците, наставниците и раководниот тим, како и спроведената анкета, може да се заклучи дека компјутерската технологија и интернетот во ова училиште во наставата делумно се користат во реализација на одредени наставни содржини по различни предмети.

ИКТ се користи секогаш кога тоа е можно согласно со наставните содржини и распоредот за користење на ИКТ кабинетите. Се употребуваат готови апликациии во edu buntu за предметите за кои постојат, симулација на експерименти од интернет, на часовите по странски јазици се користат разни веб страни со електронски речници, граматички вежби. Користејќи го ИКТ се вршат истражувања на одредени теми и се прават разни презентации од страна на наставниците и учениците.

ЕКО проектот се реализира според пропишаната динамика во Годишната програма. Вработените се обучени за интегрирање на еколошки содржини во наставата и истите успешно ги реализираат. Сите наставници имаат планирано реализација на еко содржини. Училиштето има изготвено Програма и План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се сите ученици. Во програмата опфатени се сите 4 ЕКО – стандарди.Училиштето има реализирано 90%од точки на акции. Училиштето досега има добиено едно Зелено знаме. Училиштето има еко-химна, еко-патрола и еко-одбор.

Училиштето реализира најразлични активности од областа на екологијата и вклучено е во проектите „Еко-училиште", „Зелени училишта-зелен клуб", „Отпадоци собираме награди добиваме" организирано од Пакомак, Проект за собирање на потрошени батерии". Континуирано реализира проекни активности за естетско уредување на училиштето и

училишниот двор. Активности со еко-содржини се реализираати во склоп на проектот мултикултурализам. Советот на родители, посебно ја истакна акцијата за собирање на пластика во која се вклучени сите субјекти од училиштето и локалната средина. Учениците учествувавале на натпревари организирани од ПАКОМАК како што е „Trash-art" и сл.

Во училиштето во помал обем се реализираат активности и содржини од проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето нема потпишано меморандум за соработка со училиште-партнер во кое наставата се реализира на друг јазик.

Тимот на училиштето задолжен за водење на меѓуетничка интеграција има реализирано дисеминација на сите наставници за реализација на содржините во текот на наставата.

## 3.3 Искуствата на учениците од учењето

Средината за учење потикнува доволно интерес за учење во пријатна атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа за подучување и напредување, иконографија и др. Во училниците каде учат ученици од одделенска настава, паноата за подучување и ученичките трудови се изложени по едукативни катчиња. Застапени се и правата и должностите на децата. Пред секоја училница има информативно пано за учениците и родителите. Низ целото училиште водено е сметка за естетиката и новините сработени во училиштето. Ликовната секција има активно учество во естетското уредување на училишните холови и отворен простор преку изработени мозаици од керамички плочки донирани од родителите.

Учениците се потикнуваат да превземаат одговорности, да носат заклучоци преку дискусии, самостојно да мислат. При разговорот со фокус група на ученици и од спроведената анкета, учениците се изјаснија дека учат на интересен начин, предавањата се разбирливи, се стекнуваат со потребните знаења, а од страна на наставниците имаат разбирање, постојана комуникација, помош и поддршка. Учениците се мотивираат да работат тимски, во групи за време на наставата и воннаставните активности.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба навремено и систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење кај секој ученик и преземаат активности за нивно остварување. Образовните потреби се идентификуваат според стандардите, критериумите и постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часот, интересот на одредени ученици во одредени области. Според нивните потреби, се упатуваат да посетуваат дополнителна настава, додатна настава и вклучување во вонанставните активности за учениците кои покажуваат особен интерес.

Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.За учениците кои покажуваат потешкотии во учењето, како и за оние ученици со посебни образовни потреби, наставниците во соработка со психологот, дефектологот и инклузивниот тим изготвуваат ИОП за овие ученици. За поуспешно координирање на активностите во работата со нив, се контактира со семејството, а по потреба и со Заводот за ментално здравје и Центарот за социјална работа.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за

постигањата на учениците и давање траспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на секој ученик, особено изразено во одделенска настава кадешто оценувањето е описно. За таа цел се користат формални и неформални средби со родители кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Тоа се забележува од уредните записници на родителски средби и индивидуалните средби во кои може да се најдат јасни препораки за родители со главна цел поддршки и подобрување на успехот на децата.

Родителите добиваат и пишани извештаи за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите не се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, освен ако некој родител не се заинтересира за тоа кои активности училиштето ќе ги превземе.

Родителите и покрај тоа што имаат можност редовно да бидат информирани за успехот на нивните деца преку индивидуални контакти со одделенскиот раководител, предметните наставници и по потреба со стручната служба, на родителските состаноци и Советот на родители, мал дел родители ја исцрпуваат оваа можност. Оваа година Советот на родители функционира со кворум и секој од членовите предходно е известен електронски со материјалите кои се на дневен ред на состанокот. Согласно законските прописи , училиштето редовно организира советување на родители од страна на стручната служба за учениците кај кои е намален успехот во изминат период или изостануваат од часовите.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Образовниот процес, во основа, се заснова на Наставните програми за работа кои се реализираат во текот на целата учебна година. Целта е таа програма во голем процент да ги надогради учениците и притоа е зацртан систем за следење и оценување на напредокот на учениците. Тоа е јавно со перманентно следење, со користење на тематски тестови за проверка на усвоените знаења, а исто така учениците добиваат и оценки и напатствија за корекции во знаењата.

Училиштето ги применува пропишаните законски и подзаконски акти и прописи што го регулираат оценувањето. Училиштето има Правилник за следење, вреднување и оценување на учениците. Родителите се запознаени со критериумите за оценување.

Најголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците, а секогаш ги применуваат стандардите и критериумите за оценување. Во дневниците на паралелките редовно се запишуваат и постигнувањата на учениците и тоа за периодите од првото тримесечје, полугодието, трето тримесечје и за крајот на учебната година.

Кај најголем број од наставниците ученикот во секој момент може да се информира за оцената. Наставниците секогаш водат посебна грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Најголем број наставници имаат политика на фер оценување, притоа не правејќи разлика помеѓу учениците по пол и етничка припадност.

Исто така, не се прави разлика на учениците од различен социјален статус што придонесува за објективно отсликување на успехот на учениците по најголем број предмети. Најголем број наставници ги користат информациите од оценувањето за понатамошно планирање, организирање и реализирање на наставата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите, кои се добро организирани. Во училиштето се одржуваат најмалку по четрири родителски средби. Секој наставник има одреден приемен термин еден ден во месецот, во кое време може да разговара со родителот за ученикот. Распоредот со термини за прием на родители за секој наставник истакнат е на огласната табла за родители на почетокот на учебната година. Исто така, во ЕМИС се внесени податоците за сите ученици и родители, така што родителите добиваат меил или СМС порака, зависно од тоа како се изјасниле, со известување за редовноста и успехот на учениците.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето.

При изрекување на педагошките мерки се користат сите предвидени постапки според законот и правилникот. Родителите за изречените педагошки мерки се известуваат преку одлука од Наставничкиот совет, или од другите стручни органи при училиштето. При
изрекување на педагошките мерки родителите се запознаени дека имаат право на жалба, приговор до Училишниот одбор, меѓутоа, досега немало приговори.Во училиштето училишниот психолог реализира советување на родители според правилникот. На овие советувања (групни и индивидуални) на родителите им се даваат препораки за начинот на родителско делување и начини на мотивирање на учениците за да можат да постигнат подобри резултати. Напоредно со овие советувања, психологот со ученикот изработуваат план на учење и организирање на времето за да може да се постигнат подобри резултати во учењето. Исто така, овие ученици се вклучени во дополнителна настава по наставните предмети каде имаат намалување на успехот.

# 4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зградаи во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности но советот на родители реагира на бавноста при промена на скршени стакла, расипани казанчиња и чешми. При несреќни случаи, во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците. Училиштето има План и проценка за заштита и спасување, направен врз основа на одобрение од Дирекција на заштита и спасување. Симулациска вежба е реализирана минатата учебна година со сите субјекти во училиштето. Училиштето располага со ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска инсталација, 13 хидранти и 12 ПП- апарати и истите се сервисирани и атестирани од овластена фирма со издаден Стручен наод.

Училишниот имот е осигуран од страна на основачот со склучен Договор бр.05-3550 од 31.05.2018 година, со Друштво за осигурување ВИНЕР Скопје. Во договорот е вклучено осигурување на училишната опрема и училишниот инвентар. Осигурувањето е за период од една година и е сеуште важечко.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, програма за разрешување и програма за превенција од насилство. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко малтретирање, но такви појави не се регистрирани во училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Во училиштето, има физичко обезбедување од агенција, финансирано од основачот. Дежурства од страна на наставниците се нередовни.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци. Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите.Раководителите на паралелките во рамките на одделенските часови, ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите. Забраната од пушење се почитува од сите вработени.

Училиштето има организирана исхрана за учениците од прво до третто одделение (топол оброк), за што училиштето има склучено договор за закуп на училишна кујна со СТАРА ВАНИЛА- Скопје (Договор бр.03-1227 од 26.12.2018 година) а договорот за храната е склучен од општината. За учениците од четврто до деветто одделение, училиштето има организирано ужинки а договорите ги склучуваат секој родител посебно. Квалитетот редовно се проверува од санитарна инспекција и од Агенција за храна и ветеринарство. Досега не е забележано појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училиштето има договорени процедури за грижа и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот и има пристапна рампа, наменета за ученици со телесни пречки во развојот. Во училиштето, во последните три учебни години има 2 ученици со физичка попреченост. Училишниот дефектолог има реализирано акциско истражување за подршка на ученици со дисграфија. Во просторијата на дефектологот е сместена и редовно се користи

асистивна технологија за работа со деца со посебни потреби (донација од „Отворени прозорци")

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности, кои што бараат вложување дополнителни средства. Процедурите се спроведуваат за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. За таа цел училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (Центар за социјална работа, хуманитарни организации, Црвен крст, локална и деловна заедница). Училиштето има превземено грижа и реализирано вдомување на 4 ученици кои се бездомници во СОС Село.

## 4.2Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по два пати во секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и редовно се одржува. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во училишниот двор поставени се корпи за селектирање на отпад.

Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед е извршен во Поликлиника „ МЕДИКАПЛУС" – Скопје, во месец февруари 2019 година.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во соработка со здравствени институции, секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.

Согласно воспоставените Еко – стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и сл.

## 4.3Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците и Програма за професионална ориентација на ученици со посебни потреби. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. Стручната служба реализира прашалник за професионална ориентација, води разговор, спроведува тестирање и врз основа

на добиените резултати им дава конкретни совети. Општи информации за понатамошно образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Истовремено, учениците учествуваат на разни презентации, организирани од страна на средните училишта кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Учениците со посебни потреби се информирани за можноста за продолжување на средно образовани а има остварено добра соработка со средното училиште за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски". Дефектологот има процедура во која има програма, прашалник за професионал развој и интервју со учениците и родителите.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Стручната служба е обучена да им помогне на родителите и учениците во вакви ситуации или да ги упати до релевантните институции (здравствени установи, Центар за социјална работа, полиција итн).

## 4.4Следење на напредокот

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, а помалку за интелектуален, социјален и емоционален развој. Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес. Учениците со посебни потреби континуирано се следат од наставниците, стручната служба и инклузивниот тим за што се води досие за секој ученик посебно. Досието на ученик со посебни потреби изобилува со релевантни податоци за состојбата, напредувањето, начинот на напредување, вклученоста на институции или надворешни соработници и ревизија на ИОП со препораки за понатамошна работа.

Преминувањето на учениците во друго училиште, добро се спроведува. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури, при што доставува податоци заучениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1Училишна клима и односи во училиштето

ООУ „Ѓорѓија Пулевски", Општина Аеродром – Скопје, препознатливо е според квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот (многу мал број од ученици има од друга националност освен македонци) и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива добар респект кај родителите.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето има донесено Еко-кодекс кој е истакнат на видно место, во холот на училиштето. Во него се поставени правилата на однесување, согласно содржините на еколошката програма.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, вработените, родителите, како и посетителите на училиштето.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите но потребно е дежурствата да се реализираат во целост согласно распоредот за двете смени.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува Правилникот за видовите на пофалби , награди и педагошки мерки за учениците. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина, упатена кон припадниците на различните етнички заедници. Училиштето има програма за реализација на МИО проектот но сеуште нема партнер училиште за спроведување на планираните активности.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученика заедница, која функционира според изготвен План за работа на ученичката заедница. Сите ученици се навремено информирани иучествуваат при решавање на проблеми и партиципираат со свои мислења но сметаат дека има потреба од поголема нивна вклученост при донесување одлуки кои се од нивен интерес

## 5.2Промовирање на постигањата

Училиштето особено внимание посветува на промовирање на личните постигањата на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта .

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање научениците за постигнување подобри резултати во учењето . Постигањата на учениците се вршат преку разни форми, а се промовираат индивидуални и групни постигања на учениците. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето.

Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех. Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците и по освоени голем број награди во голем број области, преку кои го промовираат училиштето.

## 5.3Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознати со правата на децата. Во училниците истакнати се изработки од работилници, организирани и во контекст на правата на децата.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот (форум театар, работилници, претстави и др.). Иконографијата на училиштето недоволно го промовира мултикултурализмот. Има обучени наставници кои учествувале на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, кои извршиле дисеминација на останатиот наставен кадар. Партнер училиште, нема.

## 5.4Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на училишен одбор - претставници од родители и отворен ден за родители еднаш во месецот.

Училиштето со својата работа, добро ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се обемноста на наставните планови и програми, советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник, изведување на ученички екскурзии, заеднички работилници, базари и др. Комуникацијата на родителите во училиштето се остварува и преку приемен ден и Е-дневникот. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница деловната заедница, стопанските субјекти и невладиниот сектор, преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата .

# 6.РЕСУРСИ

## 6.1Сместување и просторни капацитети

Просторот во кој е сместено училиштето е објект од тврда градба изграден во 1983 година. Учиишната зграда се состои од приземје и кат, подрумски простории и спортска сала со вкупна површина од 4973м2. Училишниот двор е со површина од 9354м2 каде има 2 спортски терени (игралишта) со површина од 1250 m2, сообраќаен полигон и озеленета дворна површина со училишен парк. Располага со 26 училници, 16 помошни простории за наставни средства и помагала, 1 библиотека,9 санитарни јазли, 1 тоалет за деца со посевбни потреби, 1фискултурна сала, 1 наставничка канцеларија, 3 канцеларии и 1 кујна со трпезарија. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава но потешкотија е реализација на физичко образование каде салата се користи истовремено со 2 па и 3 паралелки. Постојат пријатни, просторни услови за одвивање работата на наставниот кадар. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Се работи во 2 смени. Училишната зграда се загрева со парно греење.

Просторниот капацитет овозможува реализација на точките на акција, опфатени со Еко-проектот. Активностите во поглед на воспоставените еко - стандарди, се спроведуваат согласно планираната динамика за реализација на Еко- проектот. Училиштето има добиено зелено знаме 26.12.2015 година.

## 6.2Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала задоволува и истата има тенденција на подобрување.

Училиштето ги утврдува потребите на наставните средства и помагала во одделенска и предметна настава, на ниво на стручни активи и прави напори за нивна набавка,според финансиските можности. Од наставни помагала училиштето располага со 1 смарт табла, 7 ЛЦД проектори, 7 печатачи со копир и скенер, 4 печатачи, 2 микроскопи, 2 торза, 1 скелет,повеќе карти (географски и историски), повеќе геометриски тела и доволен број спотски реквизити. ИКТ е застарена и нема компјутери за ученици. Компјутери има само во кабинетот по информатика и статични компјутери за наставниците сместени во училниците.

Училиштето нема планзаобезбедувањенанагледнисредства. Истите се обезбедуваат според финансиските можности.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и во учењето

Училишната библиотека располага со вкупно 10 199 примероци на книги и тоа:1800 се лектирни изданија, 367 се стручна литература, литература за деца 6045, литература за возрасни 1769, атласи, енциклопедии и речници 2018. Библиотекарот, библиотечната евиденција ја води во инвентарна книга и електронски. Во библиотеката има компјутер со интернет, со инсталирана програма за водење на библиотечниот фонд. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 8 часот до 16 часот. Библиотекарот има изготвено Годишнапрограма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, потребен за реализација на наставните и воннаставните активности, во рамки на финансиските можности. Планирањето и

снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно, според потребите со договорни постапки.

## 6.3Обезбедување на потребен наставен кадар

На почетокот од учебната година, училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно- образовниот процес, вклучувајки и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Но, од почетокот на месец февруар, поради подолго боледување, училиштето нема обезбедено наставник по техничко образование.

Во училиштето, вкупниот број на вработени наставници изнесува 70. Од нив 31 наставник се одделенски наставници и 39 предметни наставници. Сите наставници се со соодветно образование. Од наставниот кадар, 57 наставници се на неопределено време, а 13 наставници се на определено време, од кои 3 се приправници. По пол има 7 мажи и 63 жени. Според видот на образование, 59 се со високо образование, 6 со магистерски студии и 2 наставника со вишо обрзование. По етничка припадност сите наставниците се Македонци. При изборот на наставници, не е констатирана родова и друга дискриминација.

Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставниот кадар се земаат предвид соодветната квалификација, согласно Нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставен кадар училиштето нема механизам за брза и соодветна замена.

Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно - образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на МОН, како и со нивно индивидуално професионално образување. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на административно - техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.

Стручната служба во училиштето е составена од психолог, педагог, дефектолог и библиотекар. Стручната служба во училиштето, им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и во давање на советодавна помош на учениците. Стручната служба има Програма за работа која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот дефектолог, обезбедува поддршка на наставниот кадар за работа со децата со посебни образовни потреби.

Стручната служба и наставниот кадар, активно се вклучени во реализација на еколошката програма, Еко-проектот.

## 6.4Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби, се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, најмалку два пати во годината. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари, организирани од страна на МОН, Бирото за развој на образованието, како и на обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организации. Во училиштето има пракса, после посетена обука или семинар да се организираат интерни обуки. Стручната служба континуирано ги следи

наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците.

Работата на наставникот - приправник ја следи ментор и стручната служба кои даваат соодветна и стручна помош.

## 6.5Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува [illegible] законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Финансиското работење на училиштето, се контролира преку Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на финансиските средства. Одговорните лица редовно дискутираат за информации, поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределбата на финансиските средства. Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши, од финансиски средства добиени од основачот, преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето ја издава фискултурната сала, училници за реализација на англиски јазик а сретствата се користата наменски. Советот на родители инсистира на детални информации за материјалните трошоци на училиштето. Училиштето нема систем за утврдување на приоритетите за што ќе се наменуваат сретствата.

За финансиското работење училиштето ги информира Локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

# 7.УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1Управување/раководење со училиштето

Училишниотодборделумно еконституиранвосогласностсозаконскатарегулативаистатутотнаучилиштето. Претставниците од МОН и општината повеќе од три пати не присуствувале на состаноците за што училиштето има доставено до МОН и општината Барање за коптирање на нови членови за Училишен одбор. На еден претставник од родителите мандатот како член на Училишен одбор му е поминат. Работатанаучилишен одборе јаснодефиниранавоДеловникзаработа.Училишниот одбор на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа.Одборот има воспоставено партнерски однос со раководниоторган на училиштето и другите училишниструктури. Училишен одборучествувавокреирањетополитикизаеколошкаедукацијаизаштита наживотнатасрединаиградиучилишниполитикивокоисеафирмираинклузивностанаучилиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

Согласно етничкиот составна населението кое живее во општината, каде се наоѓа училиштето како и етничкиот состав на именуваните членови во потполност ги задоволува критериумите како на социјален така и од културен аспект.

Наставниците редовно се информираат за работењето на Училишниот одбор, а повремено и родителите преку претставниците од Советот на родители. Поради отсуство на претставниците на општината, информирањето на основачот е преку усна информација на директорот. Записниците од седниците на овој орган и одлуките кои ги донесува се изготвуваат како посебни акти. Истите се потпишани од претседателот, се заведуват во деловодна книга и се чуват во архивот на училиштето. Донесените одлуки на УО целосно се спроведуваат.

Со училиштето раководи в.д директор Марјан Јовановски, именувана со Решение бр.25-674/7 од 07.02.2019 година од Градоначалникот на општина Аеродром. Директорот ги исполнува условите по степен и видот на образование и има положен испит за директор.

Директорот редовно изготвува програма за својата работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Користи различни сопствени искуства и искуства и идеи на вработените, го следивоспитно-образовниот процес во училиштето и постигнувањатанаучениците.Работи тимски и носи одлуки согласно закон во интерес на наставата и сите учесници вклучени во воспитно-образовната работа. Раководниоторганна училиштетого поддржувареализирањетона еколошкитесодржинии спроведуваучилишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

Кон структурите во училиштето, учениците, родителите и вработените, директорот има професионален однос. Остварува добра соработка со локалната заедница и локалната самоуправа. Директорот ги прифаќа промените во образованието и ги охрабрува вработените да ги прифатат истите. Успешно комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Правилно идентификува и определува приоритети кои се вградени во Развојниот план. Раководењето на директорот се заснова во поголема мера на тимска работа,преку вклучување на вработените во процесите на планирањето и реализацијата на активностите.

## 7.2Цели и креирање на образовната политика

Целитенаучилиштетосевосогласностсоцелитенадржавнатаиналокалнатаобразовнаполитика. Целите се прецизни и јасни и се фокусиранина подобрувањена квалитетот на наставатаиунапредувањенапостигањата наситеученици.Вокреирањето нацелите,начелатаивредноститенаучилиштетовклученисе вработените и родителите,а вклученоста на учениците делумно задоволува. Училиштето соработувасосоодветниинституцииза остварувањенацелите.Постигнатитецелиимаатпозитивно влијание врз работата на училиштето.

Раководната структура постојано ги следи и анализира постоечките политики во врска со квалитетот на училиштето, квалитетот на сите подрачја во воспитно – образовната дејност.Училиштетоделумногиподобрувaполитикитевоучилиштетозамеѓуетничкаинтеграција, а континуирано ги подобрувазанасилството воучилиштето и семејството,недискриминација,инклузивност иеколошкообразование. Вработенитеактивноучествуваатвокреирањетоиреализирање на активности.Прикреирањетонаполитикитемислењетонародителитеинаучениците од страна на училиштетосе зема вопредвид.

## 7.3Развојно планирање

Целитево програмата за развој сејасниигиотсликуваатмисијата,визијатаивредноститенаучилиштето.Принивнотопоставувањев клученоста на наставниците,родителите и претставнициодлокалнатазаедница е добра.Училиштето има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информиранаставницитезапоставенитецели,динамикатазанивнотореализирањеипостигнатите резултати.

Училиштетопланирафинансискисредствазастручноусовршувањенаситевработенииунапредувањенавоспитно-образовниотпроцес.Видотнаобукитеe определен со програмата за професионаленразвој. Наставниците имаат изготвено индивидални образовни планови за професионален и кариерен развој, но делумно се остваруваат во зависност од финансиските сретства.

Училиштето навреме ги детектирапотребитеодматеријално-техничкисредстваиконтинуираногипланираигиобезбедва, но немаат процедура за приоритети.Постојнитенагледнисредстваиопремаделумно се во функцијаиистите оптималносекористат со тенденција на подобрување.Училиштето планираи обезбедува средства за нивно одржување.

Раководството определува приоритети во зависност од расположивите средства преку планирања во годишниот финансов план. Набавките навремено се обезбедуваат според годишниот план за јавни набавки.

За подобрување на инфраструктурата во училиштетоделумно [illegible] стратешкопланирање за приоритетите. Обезбедување на средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето зависи од можностите на основачот и МОН. Постои добра соработка со локалната самоуправа, која во претходниотпериод најмногу учествувала во подобрување на инфраструктурата.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Голема вклученост на учениците во воннаставни активности и освоени голем број на награди.
- Поголем дел од наставниците применуваат современи форми, методи и техники во наставата, како и современи стратегии за учење.
- Во училиштето се реализира професионална ориентација на ученици со посебни потреби,има асистивна технологија за работа со деца со посебни потреби и посебен опремен тоалет за деца со посебни потреби;;
- Редовно се применува принципот, еднаков пристап према сите учениците од различна полова, социјална и етничка припадност;
- Изградена политика за добро промовирање на постигањата на учениците;
- Училиштето има превземено грижа и реализирано вдомување на 4 ученици кои се бездомници во СОС Село;
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

## 8.2 Слаби страни

- Училиштето нема Партнер училиште за реализирање на МИО проектот и реализирање на мал број на содржиниза меѓуетничка интеграција во предметна настава;
- Нема анализи за напредокот на учениците од првиот воспитно образовен период ( прво до трето одделение );
- Во Годишната програма на училиштето за учебната 2018/ 2019 година називот на училиштето е спротивно на член 4 од Статутот на училиштето;
- Мал број на интегрирани меѓупредметни цели во предметна настава;
- Дежурства од страна на наставниците се нередовни;
- Училиштето нема обезбедено наставник по техничко образование

## 8.3 Препораки

- **Училиштето да воспостави соработка со училиште од друга националност за реализирање на активности од МИО проектот и зголемување на содржини за меѓуетничка интеграција во предметна настава ;**
- **Училиштето да спроведе анализа за напредокот на учениците од првиот воспитно образовен период ( прво до трето одделение );**
- **Да се усогласни програмскиот докумет-Годишната програма за работа на училиштето за 2018/2019 година согласно Статутот на училиштето;**
- **Да се зголеми бројот на интегрирани меѓупредметни цели во предметна настава;**
- **Дежурства од страна на наставниците редовно да се реализираат согласно планирањата;**
- **Училиштето да обезбеди наставник по техничко образование.**

| | |
|---|---|
| Зоран Димитријевиќ, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Нада Николова, Инспектор | |
| Соња Зашовска, Инспектор | |